Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Бр. 23 - 1309/2
Датум: 11.02.2013 година

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

07.02.2013
Ул. „Даме Груев" број 6,
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. + 389 (0)2 3145 497
Факс: + 389 (0)2 3126 228
Е-пошта: info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk

До: Фондација Метаморфозис
ул. „Апостол Гусларот" бр. 40
Скопје

Предмет: Одговор на барање
Врска: Ваш број 08-8/31 од 23.01.2013

Почитувани,

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ" бр.13/2006, 86/2008 и 6/2010), постапуваше по вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер препратено од Министерството за труд и социјална политика, кое гласи: „До каде е постапката за продажба на становите во општествена сопственост? Доколку постапката е завршена, испратете ни информација на кој датум е завршена", и го доставува следниот одговор:

Согласно член 131 од Законот за домување („Службен весник на РМ" бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11 и 13/12), рокот за поднесување на барања за откуп на становите во општествена сопственост беше до 31.12.2010 година, така да, барањата што се поднесени пред истекот на овој рок се уште се во постапка на одлучување.

Согласно ставот 5 од истиот член „лицата кои се стекнале со правото на закуп и откуп на стан согласно Законот за денационализација и Законот за припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, можат да поднесат барање за откуп на стан без оглед кога е донесен актот за користење на станот и за овие лица не се применува рокот за поднесување барање за откуп на стан".

Согласно членот 39 од Законот изменување и дополнување на Закон за домување („Службен весник на РМ" бр.36/11), „корисниците на станови за кои се водат судски постапки, станови за кои ќе се одлучи да не се продаваат односно да бидат заменети со друг стан од страна на Владата на Република Македонија, станови за кои до 31.12.2010 година не се внесени во евиденцијата на станови во сопственост на Република Македонија и станови за кои се водат постапки за пренос на правото на користење на станот имаат право да поднесат барање за откуп на станот по завршување на постапките".

Согласно горенаведеното, Ве известуваме дека постапките за продажба на становите во општествена сопственост се уште се во тек.

Со почит,

Државен секретар
Елена Кузмановска

Изработил: Татјана Л.
Одобрил: Лилјана П.